НОВИОТ
# RENAULT MEGANE CONQUEST
хибрид по природа



## главни карактеристики



вистински спортски теренец

багажен простор до 513 L.



| | | | |
|---|---|---|---|
| **3 задни седишта** | **хибриден мотор** | **поврзан** | **14 системи на асистенција при возењето** |






# спортски дух

Новиот Megane Conquest во изведба на R.S. Line е олицетворение на стилот кој е карактеристичен за теренците. Комбинација на робусност и елеганција: аеродинамичен преден спојлер, инспириран од автомобилските трки, сјајно црни детали и специјални Silverstone фелни со детали во боја на рубин ... Сигурни сме дека нема да Ве остави рамнодушни. Двете издувни цевки на задниот дел дополнително ја нагласуваат динамичната природа на Megane Conquest. На декоративните калници поставен е исписот R.S. Line, симбол на ова семејството на врвни модели. Светлосниот потпис во С - форма е комплетно направен од LED технологија, ова ја подобрува видливоста во текот на ноќта.


RENAULT



Фотографијата е симболична. Поради глобалниот недостаток на полупроводници, некои прикажани ставки за опрема може да се разликуваат во зависност од верзијата на возилото или земјата или во моментот да не се достапни. Повеќе информации може да се најдат на последната страница.

1. Стаклен кровен прозорец во комбинација со INTENS внатрешност
2. Дијагонална дигитална инструмент табла со 10,2 инчи и 9,3 инчи вертикално поставени, централен дисплеј во зависност од нивото на опремата.



# уживање кое освојува

Црн кров, навлака во комбинација на кожа* и вештачка кожа со црвена боја, шевови, управувач *со кожна навлака, табла со декоративни детали, имитација на јаглеродни влакна со црвен завршеток, алуминиумски педали ... возачкото седиште во изведба на R.S. Line ...зрачи со спортски карактер. Преку системот Multi-Sense можете да одберете помеѓу три режими на возење и осум бои на амбиентално осветлување за поголемо возачко искуство. Информативниот екран со инструменти и навигациски дисплеј од 10,2 инчи** ја нуди опцијата на пресликување на навигација и прилагодување на интерфејсот на возачот. На централната конзола се издвојува мултимедијалниот екран од 9,3 инчи**. Уживајте во стаклениот прозорец и патничкиот простор кој зрачи со природна светлина.

*Сите кожни седишта наведени во овој документ се делумно обложени со вистинска кожа, а делумно со импрегнирана ткаенина. Можете да добиете детални информации за тоа кои се материјалите кои се користени преку нашиот овластен продажен советник.
** Во зависност од верзијата









1. Проток на енергија
2. Информативен екран во боја со инструменти и навигациски приказ

# хибридно доживување

Хибридниот мотор E-TECH е комбинација од два електрични и еден термички мотор и автоматски менувач без спојка. Ова значи дека 80% од времето во градот можете да возите на електричен погон, со тоа и да ги намалите $CO_2$ емисиите и да ја намалите потрошувачка на гориво за 40%. Возилото првично секогаш се придвижува преку електричниот начин на работа така да забрзувањето е секогаш силно и динамично. Прибирањето на енергија преку сопирањето овозможува да се наполни погонската батерија за возење. Со префрлување на режим B можно е да се собере повеќе енергија така што регенерацијата да е поефикасна. Тивка работа, одговорност, агилност ... Без разлика дали возите во град или автопат, хибридниот мотор E-TECH фундаментално го менува вашето возачко искуство.

*Во споредба со еквивалентен термички мотор.
Фотографиите се симболични. Поради глобалниот недостаток на полупроводници, некои прикажани ставки за опрема може да се разликуваат во зависност од верзијата на возилото или земјата или во моментот да не се достапни.
Повеќе информации може да се најдат на последната страница.


RENAULT
RENAULT



1



2



3

1. Главно мени за пристап до навигацијата, радио, музика, телефон, апликации ...
2. 3D - навигациски интерфејс со пребарување на адреси преку Google
3. Интерфејс на повеќе екрани: системи за асистенција при возење, Multi-Sense® систем и дополнителна опрема за прилагодување
4. Информативен дисплеј во боја со 10,2 инчи со инструменти и навигациски дисплеј како и централен мултимедијален дисплеј од 9,3 инчи со навигација

# интуитивен интерфејс

Фотографиите се симболични. Поради глобалниот недостаток на полупроводници, некои прикажани ставки за опрема може да се разликуваат во зависност од верзијата на возилото или земјата или во моментот да не се достапни.
Повеќе информации може да се најдат на последната страница.





Во срцето на пилотската кабина, на централната конзола, сместен е 9,3-инчен * вертикално монтиран екран кој функционира на допир, ова е мултимедијален систем со висока резолуција. Патничкиот компјутер овозможува пристап до поврзани навигациски услуги (со мапи на Европа) и контрола на сите функции на Megane Conquest како што се системите за асистенција при возењето и технологијата Multi-Sense®. Во комбинација со информативниот дисплеј во боја од 10,2 инчи, ќе уживате во возило со едно од најголемите прикажувања кои постојат кај возила од оваа класа.

* Во зависност од верзијата.



1



2

1. Безжичен полнач за паметни телефони
2. Погледнете во екранот на вашиот паметен телефон преку вградениот екран и со помош на компатибилните апликации Android Auto и Apple CarPlay
3. Апликација MY Renault

# поврзаност

Фотографиите се симболични. Поради глобалниот недостаток на полупроводници, некои прикажани ставки за опрема може да се разликуваат во зависност од верзијата на возилото или земјата или во моментот да не се достапни.
Повеќе информации може да се најдат на последната страница.





MY Renault Апликацијата Ви овозможува лесно да го планирате секое патување со помош на испраќање на дестинацијата до возилото. Со мултимедијалниот систем Easy Link, кој го контролирате преку 9,3-инчен * мултимедијален екран, можете да ги најдете вашите омилени апликации, тој е компатибилен со Android Auto Apple и Apple CarPlay. 4G конекцијата Ви овозможува пристап до ажурирања на мапи и систем на пребарување на адреси преку Google. Можете лесно да го наполните вашиот паметен телефон со помош на безжичен полнач.

*Во зависност од верзијата.
Android Auto™ заштитен бренд на Google Inc.
Apple CarPlay™ заштитен бренд на Apple Inc.



1



2



3

1. Волумен на багажникот до 513 L
2. Подвижен под за багажникот
3. Три седишта во вториот ред со нормални димензии

# пространа внатрешност

Багажникот има луксузен волумен од 513 литри (480 литри во хибридната верзија на E-TECH). Може да го поставите подвижниот под во пониска положба за поставување на повеќе различен товар или во покачена положба за полесно поставување на тешки предмети. Со преклопување на задниот дел од задната клупа што се дели во сооднос 2/3: 1/3 добивате голем рамен под. Задната клупа се состои од три седишта, а патниците исто така имаат многу простор за поставување на нозете и колената.


RENAULT



**систем за паркирање со “слободни раце”**
Користејќи ги предните, задните и страничните сензори, системот го анализира паркинг просторот и го изведува паркирањето наместо вас.



**камера од 360 степени**
Птичја перспектива од 360 степени која Ви овозможува лесно да ги избегнете сите пречки околу возилото, дури и на тротоарот, лесно да паркирате и на најтесните паркинг места.



**темпомат за одржување на безбедносно растојание помеѓу возилата**
Возилото се одржува на коловозната лента, со помош на темпомат ја регулира брзината, одржува безбедносно растојание кон возилото напред, активен при брзина од 0 до 170 км / ч. Помага при застој во сообраќајот со целосно сопирање на возилото и негово рестартирање кога другите возила почнуваат да се движат.



**темпомат за одржување на безбедносно растојание помеѓу возилата**
Темпоматот Ви овозможува да одржувате соодветен безбедносен простор од предното возило додека возите. Кога растојанието е премногу мало, системот ќе ги активира сопирачките или ќе додаде гас кога патот Ви е отворен и подготвен за старт.



**предупредување за одржување на безбедносно растојание**
Сензорот на предниот крај на возилото го проверува растојанието и вклучува звучни и визуелни предупредувања доколку открие опасност од можен судар со возилото напред.



**темпомат и ограничувач на брзина**
Со нашиот систем за контрола на патувањето и ограничувачот на брзината, можете лесно да ја контролирате брзината на вашето возило. Преку копчињата сместени на управувачот може да се постави ограничување на брзината со цел да се спречат сообраќајни прекршоци.



**систем за следење на “слепи точки” или “мртов агол”**
Системот за следење на “слепи точки” или “мртов агол” го елиминира ризикот од судар. Со брзина поголема од 10 км / ч, системот Ве предупредува со визуелен сигнал за присуство на возилото во област што не е видлива во надворешното огледало.



**автоматско вклучување на долго и средно светло**
Ова е овозможено со помош на камерата поставена на предното стакло која го анализира интензитетот на осветлувањето во однос на надворешното осветлување и условите на патот.

# 14 системи за помош при возењето

Новиот Megane Conquest е опремен со дури 14 иновативни системи за помош при возење. Тие помагаат да се задржи вашето внимание и да се гарантира безбедно патување.




**препознавање на сообраќајните знаци**
Новиот Megane Conquest има вградена камера која препознава сообраќајни знаци и Ве предупредува преку таблата со инструменти со помош на предупредувања за моменталното ограничување на брзината.



**сообраќајно предупредување за страничниот дел на возилото при возење на назад**
Не постои ризик додека враќате на назад. Новиот Megane Conquest е опремен со систем кој ги детектира возилата што доаѓаат позади вас, што Ви овозможува безбедно да излезете на пат, дури и кога видливоста е слаба.



**помош за одржување на возилото на сообраќајната лента**
Во случај на ненамерно излегување од сообраќајната лента, асистенцијата за одржување на сообраќајната лента се активира и самостојно ќе се поправи во правилната патека за возење. Оваа функција е активна помеѓу 70 и 160 км/ч, делува на управувачот и го враќа возилото на коловозната лента штом преминете прекината или полна линија, а не сте вклучиле трепкач.



**активно сопирање во итна ситуација со препознавање на возила**
Системот препознава возила кои што се во мирување или се движат по коловозната лента, го сопира возилото во случај на вонредна невообичаена состојба. Возењето низ градот, без разлика дали е дење или ноќе, никогаш не било побезбедно.



**активно сопирање во итна ситуација со препознавање на велосипедисти**
Системот препознава велосипедисти во иста сообраќајна лента кои што доаѓаат од страна и во тој случај ги активира сопирачките само доколку постои ризик од опасност.



**активно сопирање во итна ситуација со препознавање на пешаци**
Возилото ги следи вашите реакции и настани во непосредна близина од вас. Доколку некој пешак Ви го пресече патот системот ќе Ве предупреди или ќе го сопре возилото за вас.


RENAULT



# избор на боја


Црна Металик[2]


Сива Металик[2]


Црвена Flamme[2]


Ледено Бела[1]


Бела Universal[2]


Портокалова Valencia[2], [3]


Сина Zanzibar[2]

(1) Боја во еден слој.
(2) Металик боја
(3) Достапно само во R.S Line.
Фотографиите се симболични.

# пакети за персонализирање на надворешниот изглед

Пакети за надворешна персонализација во црвена, портокалова или бела боја: заштита на каросеријата напред и назад, долна заштитна летвичка, спојлер на капакот на багажникот






заштита на предниот дел бела каросерија




заштита на предниот дел црвена каросерија




заштита на предниот дел портокалова каросерија



долна заштитна лајсна во бела боја



долна заштитна  лајсна во црвена боја



долна заштитна  лајсна во портокалова боја

# опрема



## ZEN

### стандардна опрема

**безбедност**
- Систем против блокирање на сопирачките - ABS
- Итна помош при сопирање - AFU
- ESP систем за безбедност и помош при возење на нагорнина
- Автоматски систем за итно сопирање со препознавање на пешаци
- Систем за итни повици
- Воздушно перниче за возач и совозач
- Странични воздушни перничиња
- Можност за деактивирање на воздушното перниче за совозачот
- Индиректен систем за следење на притисокот во пневматиците
- Renault "hands free" картичка за отклучување и стартување на возилото.
- Далечинско централно заклучување
- Комплет за поправка на пневматици
- Трето стоп светло
- Предупредување за незакопчани безбедносни ремени (за сите седишта)
- Среден појас со три точки на задните седишта
- ISOFIX систем за прицврстување на детско седиште
- Систем за одржување на возилата на сообраќајната лента LKA

**возење**
- Регулатор и ограничувач на брзина
- Странични трепкачи на надворешните ретровизори
- Помош за паркирање за напред и назад
- Систем за препознавање сообраќајни знаци
- Предупредување за безбедносно растојание
- ECO Функција, режим на возење
- Камера за возење на назад

**дизајн**
- Full LED Pure Vision предни светла
- LED дневни светла во C - форма
- Навлака во темна боја
- Внатрешност во песочно сива боја
- Надворешни огледала во боја на каросеријата
- Алуминиумски Bahamas 17" фелни
- Затемнети стакла

**удобност**
- Автоматско климатизирање со сензор за откривање на штетни гасови
- Автоматска сопирачка за паркирање
- Сензор за дожд и автоматски прекинувач за светло
- Стакло кај багажниот простор со функција за греење
- Електрично прилагодливи, загреани и преклопливи надворешни ретровизори
- Потпирачи за глава на задните седишта
- Цевки поставени на задниот дел
- Електрични предни и задни прозорци
- Преклоп со огледало - осветлено
- Подигнат под за багажник
- Предни седишта со прилагодување на висината
- Заден потпирач за грб прилагодлив во соодноѕ 1/3-2/3

**мултимедија**
- Информациски 4.2" екран во боја поставен помеѓу мерачите
- Информациски 7-инчен екран во боја поставен помеѓу мерачите (верзија HEV)
- Мултимедијален екран 7" со 2 x USB и 1 x AUX + DAB
- Функција за конектирање со апликациите за Android Auto™ и Apple CarPlay™
- 4G интернет конекција



# INTENS (ZEN +)

## стандардна опрема

**возење**
- Активен темпомат
- Систем за следење на “мртов агол”
- Multi-Sense® систем
- Предупредување за сообраќајот што Ви следи и се приближува

**дизајн**
- Навлака во црна боја со комбинација на вештачка кожа
- Црна навлака во комбинација со вештачка кожа (верзии на HEV)
- Алуминиумски Pasadena 18″ фелни
- Дополнителни затемнети задни стакла
- Амбиентално осветлување на патничкиот простор

**удобност**
- Автоматска електрична сопирачка за паркирање со функција за автоматско држење
- Кожен управувач
- Внатрешно огледало со затемнување на внатрешноста
- Автоматско вклучување на долго светло/средно светло
- Задна клупа со потпирач за рака и 2 држачи за чаши

**мултимедија**
- Инфо TFT 10″ екран во боја*
- Мултимедијален дисплеј 9,3″ со навигација, 2 x USB и 1 x AUX + DAB
- Мапи на Европа
- Безжично полнење на мобилен телефон*



# R.S. Line (INTENS +)

## стандардна опрема

**возење**
- Систем за помош при паркирање од 360°
- Странични сензори

**дизајн**
- Надворешност на RS Line
- Внатрешност на RS Line
- Испис RS Line
- Alkantara навлака во темна боја
- Надворешни ретровизори во друга боја
- Ретровизор со самозатемнувачка функција
- Алуминиумски Silverstone фелни 18′′

**удобност**
- Предни седишта со функција за греење
- Електрично прилагодливи предни седишта
- Управувач со функција за греење (само за HEV верзија)
- Безжично полнење на мобилен телефон

Фотографиите се симболични. Поради глобалниот недостаток на полупроводници, некои прикажани ставки за опрема може да се разликуваат во зависност од верзијата на возилото или земјата или во моментот да не се достапни. еќе информации може да се најдат на последната страница.

# навлаки


темна боја на навлака


црна кожна навлака во комбинација со сива боја


темна навлака во комбинација со вештачка кожа


темна навлака Alcantare со црвени шевови

Сите кожни седишта наведени во овој документ се делумно обложени со вистинска кожа и делумно импрегнирани со ткаенина.
Можете да добиете детални информации за материјалите кои што се користат преку вашиот овластен продажен оветник.

# Фелни


17" алуминиумски фелни Bahamas


18" алуминиумски фелни Pasadena


18" алуминиумски фелни Pasadena

# димензии и волумен













| | микрохибрид | хибрид |
|---|---|---|
| **Волумен на багажникот (според VDA стандардот)** | | |
| Минимален волумен | 513 | 480 |
| Максимален волумен | 1296 | 1263 |
| Волумен под двојниот под | 28 | 0 |

димензии во mm

# дополнителна опрема

**пакет за надворешна персонализација - црвен Flamme**
Дозволете си игра со боите кои ќе направи да се издвоите од толпата, комплет за надворешна персонализација, која вклучува и капаци на завртките на тркалата, Megane Conquest одраз на вашиот уникатен вкус.



**Спојлер на капакот на багажникот**
Ја нагласува динамичноста на теренец.

**Алуминиумски спортски педали**
Надополнете го спортскиот карактер на вашето возило.

**Странични скалички**
Разбудете го авантуристичкиот дух на Megane Conquest со елегантни скалички и истовремено заштитете го од мали удари во текот на секојдневната употреба.

**Easyflex прилагодлива заштита за багажникот**
Заштитете го багажниот простор на вашето возило со заштита од лизгање и со помош на водоотпорна заштита Easyflex, која можете да ја прилагодите преку поставките на седиштето и задната клупа како и да го покриете целиот багажен простор.












## Дознајте повеќе за Renault Megane Conquest на www.renault.mk.

Потрошувачка во комбиниран циклус: 4,9 - 6,1 л / 100 км. Емисии на $CO_2$: 111 - 138 g / km. Стандард за емисија: EURO6DFULL. Емисии на NOx: 0,0003 - 0,0222 g / km. Емисија на честички: 0,00 - 0,00016 g / km. Број на честички (x1011): 0,00 - 1,04. Измерените вредности на потрошувачка и емисијата на гасови се во согласност со стандардот за мерење WLTP. Јаглерод диоксидот ($CO_2$) е основниот гас кој предизвикува стаклена градина и глобално затоплување. Емисиите на загадувачки материи од сообраќајот во голема мера придонесуваат за намалување на квалитетот на воздухот. Тие се особено одговорни за зголемените концентрации на озон на ниво на земја, $ПМ_{10}$ и $ПМ_{2.5}$ честички и азотни оксиди.

Поради последиците од глобалниот недостаток на полупроводници, дел од опремата прикажани во оваа брошура во моментов не се достапни. Ова, меѓу другото, се однесува на информативниот дисплеј од 10 инчи со инструменти и навигациски дисплеј, безжично полнење на паметниот телефон и поврзана навигација. Во сегашните услови, тешко е да се предвиди достапноста на специфични елементи на опрема, што поради глобалниот недостаток на полупроводници во овој случај можеби нема да биде можно да се набават. За повеќе информации контактирајте го вашиот овластен продажен советник.

Prodigious Автори на фотографии: P. Johall, Recom, © Renault Marketing 3D-Commerce, Pagécran.
Аутомотив Груп, ул.Скупи 14, 1000 Скопје | www.renault.mk | Октомври 2021.